Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-480/4
Датум: 31-10-2023

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 480/1 од 29.08.2023 година, поднесена од [redacted] на Македонија против Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, [redacted] на Република Македонија и [redacted] Скопје, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на членување во синдикат, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 27.10.2023 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на работата и работните односи врз основа на членување во синдикат од страна на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, [redacted] на Република Македонија и [redacted] Скопје, врз членовите на [redacted] на Македонија.

## Образложение

На 29.08.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08 – 480/1, од страна на [redacted] на Македонија (во продолжение [redacted]) против Јавното сообраќајно претпријатие Скопје (во продолжение ЈСП Скопје), [redacted] Република Македонија и Синдикатот за транспорт и врски Скопје, за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи врз основа на членување во синдикат.

Во претставката подносителот наведува дека голем дел од вработените во ЈСП како вработени во јавниот сектор членуваат во [redacted] кој ги штити и се грижи за унапредување на нивните права од работен однос. Согласно наводите на подносителот, ЈСП Скопје одбива да ја пресметува и уплаќа на сметка на синдикатот синдикалната членарина од нето платата на вработените кои се членови на [redacted] согласно одлуката на [redacted] со образложение дека синдикатот не бил репрезентативен и немал право на таква услуга од ЈСП Скопје. Со ваквото одбивање на услугата, подносителот смета дека СПАЈС неосновано се става во понеповолна положба со репрезентативните синдикати и индиректно се влијае врз вработените да не членуваат во овој синдикат, односно вработените се присилуваат да членуваат само во репрезентативните синдикати.

Подносителот наведува дека ЈСП ја образложува ваквата одлука согласно чл. 146, ст. 4, алинеја 3 од Колективниот договор на ЈСП Скопје во кој се предвидува дека само на работниците – членови на репрезентативните синдикати да им задржува од плата синдикална членарина за чија висина одлучува синдикатот, како и задршка од плата за комерцијални цели. Според подносителот ваквото толкување и примена на оваа одредба од Колективниот договор на ЈСП е во директна спротивност со Општиот колективен договор за јавниот сектор, а особено со деловите кои се однесуваат на членување во синдикатите (чл. 6), правата на членовите и дејствувањето во здруженијата на работници и работодавачи или било која друга професионална организација, вклучувајќи ги и повластиците кои произлегуваат од тоа членство (чл. 7, ст. 4, точка 6) и забраната за ставање во понеповолна положба заради членство или нечленство во синдикат, односно здружение на


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

работодавачи, односно учество или неучество во дејноста на синдикатот, односно здружението на работодавачите (чл. 185, ст. 2).

На 07.09.2023 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на чл. 24, ст. 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави известување со барање за произнесување по наводите од претставката до ЈСП Скопје. Во барањето за произнесување Комисијата особено побара да се одговори на прашањето која е причината за непресметување и неисплаќање на синдикална членарина на сметката на [redacted] од платата на вработените во ЈСП кои се членови на [redacted]

На 22.09.2023 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна поднесок со произнесување по наводите на претставката од ЈСП Скопје. Во поднесокот ЈСП информира дека во чл. 146, ст. 4, алинеја 3 од Колективниот договор на ЈСП Скопје е предвидено на работниците – членови на репрезентативните синдикати да им се задржува синдикална членарина за чија висина одлучува синдикатот, како и задршка за комерцијални цели. Воедно, ЈСП напоменува дека како работодавач не сторил никаква повреда или кршење на членовите 6 и 7 од ЗРО, дотолку повеќе што на сите репрезентативни синдикати им е допуштено да преговараат и да бидат учесници и потписници на Колективниот договор на ЈСП Скопје, во време на негово склучување, согласно чл. 217 од ЗРО. Дополнително, ЈСП Скопје наведува дека нема никакво влијание врз вработените кои самостојно одлучиле да бидат членови на [redacted] Воедно, согласно наводите на ЈСП, [redacted] бил информиран дека уплатата на членарината на своите членови може да ја обезбеди преку директна уплата на својата трансакциска сметка или преку опцијата вработените, кои се членови на [redacted] преку банката во која ја примаат платата да стават административна забрана, односно да отворат траен налог за делот од членарината која треба да се плати на сметката на [redacted] Оттука ЈСП смета дека на никој начин не извршил дискриминација и повреда на Законот за спречување и заштита од дискриминација, ниту на вработените кои се членови на [redacted], ниту на самиот синдикат во смисла слободно организирање и делување во рамките на ЈСП, се додека тоа е во согласност со Колективниот договор на претпријатието и ЗРО.

Ценејќи ги наводите од претставката и поднесокот за произнесување по претставката утврди дека не е сторено веројатно тврдењето на подносителот за сторена дискриминација од страна на ЈСП врз членовите на [redacted] врз основа на членување во синдикат во областа на работата и работните односи. Имено, единствен акт со кој се пропишува обврска за пресметка и задршка на дел од плата за членарина во синдикат, е Колективниот договор на ЈСП, кој во чл. 146 му дава обврска на ЈСП да им пресметува и задржува дел од плата за членарина во синдикат, единствено на вработените кои се членови на репрезентативните синдикати, кои всушност и се потписници на колективниот договор. Подносителот во претставката не дава релевантен компаратор, во споредба со кој ќе се види неоправдано нееднаквиот третман. Имено, одредбата од Колективниот договор на ЈСП за пресметка и задршка на дел од плата за членарина во синдикат е општа и се однесува на сите репрезентативни синдикати. Ваквата одредба е предвидена со колективен договор, а како што и самиот подносител наведува, согласно ЗРО една од поволностите на репрезентативните синдикати, во однос на нерпрезентативните е правото да склучат колективен договор и да учествуваат во договарањето на содржината на тој договор. Следствено на тоа, немањето обврска да се врши пресметка и задршка на плата на членовите на нерепрезентативните синдикати се однесува на сите нерепрезентативни синдикати, а не само на членовите на [redacted] па оттука отсуствува каузалната врска помеѓу дискриминаторскиот основ – членувањето во [redacted] и понеповолното постапување и релевантна споредлива ситуација.

Дополнително, на членовите на [redacted] не им е ограничено ниту оневозможено членувањето во синдикат, односно членување во [redacted], бидејќи постојат начини на уплата на нивната членарина

на сметката на синдикатот, преку директна уплата на сметката на синдикатот или преку отворање траен налог на сметката на самите членови во износ на месечната членарина во [redacted] Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди прекршување на право од работен однос кое произлегува од Законот за работни односи, Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија и Колективниот договор на ЈСП Скопје од страна на ЈСП врз вработените во ЈСП кои се членови на [redacted]. Следствено, во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција од чл. 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, која пропишува дека:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Во однос на [redacted] на Република Македонија и [redacted] и врски Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не утврди дискриминација бидејќи наведените дискриминатори немаат пасивна легитимација, односно не можат да бидат вклучени во процесот на пресметка и задршка на плата за членарина во синдикат на вработените во ЈСП кои се членови на [redacted] па оттука не можат да сторат дискриминација во оваа област.

Врз основа на наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова мислење и не утврди во областа на работата и работните односи врз основа на членување во синдикат од страна на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, [redacted] на Република Македонија и [redacted] Скопје, врз членовите на [redacted] на Македонија.

Скопје,
27.10.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- Синдикат за приватниот, административниот и јавниот сектор на Македонија, ул. Андреја Петковиќ бр. 16, Скопје.
- ЈСП Скопје, ул. Александар Македонски бр. 10, Скопје.
- Синдикат на работниците од сообраќајот и врските на Република Македонија, ул. 12та Македонска Ударна Бригада бр. 2А, Скопје
- Синдикат за транспорт и врски, ул. 50та Дивизија бр. 25, Скопје